Funded by the European Union
Финансирано од Европската Унија
Co-funded by the European Union
Кофинансирано од Европската Унија

# ЕРАЗМУС+ ПРОЕКТ - ТРЖИШЧЕ, СЛОВЕНИЈА





**Osnovna šola Tržišče**

**и**

**ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци”**

01

# Понеделник, 30 март 2026 г.

Програмата започна со настап за добредојде на училишниот бенд на ОШ Тржишче, по што следуваше детална обиколка на училиштето преку која се запознавме со сите одделенија. Во училиштето учат 116 деца од прво до деветто одделение. Заедно со директорката гледавме информативно видео за образованието во Република Словенија. Тоа што ни остави најголем впечаток од видеото е заедништвото во одделенијата и помеѓу сите генерации, дисциплината и угредноста.

Нашата група имаше презентација за културата и обичаите во Македонија како и за нашето училиште. Потоа имавме групна активност за учење нови зборови на македонски и словенечки јазик.






02

# Вторник, 31 март 2026 г.

Доручкувавме заедно со учениците од ОШ Тржишче во нивната менза а потоа отидовме да вежбаме заедно со училишниот хор. Пред ручекот имавме настап пред целото училиште на кој ги изведовме композициите „Танго то Евора“, „Македонско девојче“ и „Лепа Анка“. За ужинка јадевме традиционално словенечко јадење „плетенка“.





# Среда, 1 април 2026 г.

По заедничкиот појадок со сите ученици тргнавме зедно со автобус на излет кон Блејски град. Се искачивме на тврдината над Бледското езеро и потоа пешачевме околу езерото. Се поделивме во три брода со кои отпловивме до островче сред езерото а нашиот брод се викаше Нежа. На островчето имавме краток излет до тамошната црква од каде ја набљудувавме околината. Скулптурата која се наоѓа на сред островчето е посветена на Марија Магдалена. За време на патувањето назад со автобус имавме одлична прилика подобро да се запознаеме и да се забавуваме со нашите другари од Тржишче.









# Четврток, 2 април 2026 г.

На часот по историја за деветто одделение разговаравме за историјата на Словенија и Македонија, како и патот на нивното осамостојување од поранешна Југославија. Имавме час и со осмо одделение каде разговаравме за училишните системи во нашите две држави. Потоа со истото одделение имавме часови по готвење каде што учевме како да месиме традиционално словеечко велигденско јадење – плетенка и вапцавме велигденски јајца според традиционална техника со лушпи од кромид и со црн чај. Имавме пауза за да цртаме на плочки кои во Словенија се ставаат на сандаците на пчелите и служат за пчелите да си ги препознаат своите пчеларници. На крајот на оваа активност си ги разменивме плочките кои сите заедно ги потпишувавме. Потоа бевме во музеј на „козоуци“ во Шентруперт и таму изработувавме дрвени орнаменти.






















# Петок, 3 април 2026 г.



За време на појадокот ни доделија сертификати за учество на оваа размена, а потоа присуствувавме на час по хемија на кој изработувавме групен проект. Нашата наставничка по Музичко изведуваше експерименти, а ние водевме евиденција за хемиските реакции. На часот по англиски зборувавме за познати личности и ликови од Словенија, правевме уметвени мапи и правевме презентација за тоа што сме го научиле за познатите ликови. Околу 9 часот сите ученици беа присутни во училишната менза за да нè испратам.

# Заклучок



Овој проект ни овозможи да стекнеме нови знаења, искуства и пријателства преку директна соработка со ученици од друга држава. Научивме:

- Културна размена: подобро ја запознавме словенечката култура, традиции и образовен систем, а истовремено ја претставивме нашата македонска култура.
- Јазична соработка: преку заеднички активности научивме нови зборови на словенечки и македонски јазик, што ја зајакна нашата комуникација и меѓусебно разбирање.
- Тимска работа: учествувавме во музички, спортски и креативни активности кои ја развија нашата способност за соработка, дисциплина и почитување на различностите.
- Историска и образовна перспектива: се запознавме со процесите на осамостојување на двете држави и со разликите и сличностите во образовните системи.

# ВИ БЛАГОДАРАМ ЗА ВНИМАНИЕТО!